**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/20)**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15, 218/16 и 221/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 181/19) во точката 6 потточка 12) во ставот 3 се додава нова алинеја 3 којашто гласи:

„- Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;"

Алинејата 3 станува алинеја 4.

2. Во точката 51 ставот 2 се менува и гласи:

„Банката е должна да ги применува пондерите на ризичност од точката 50 од оваа одлука на побарувањата од сите останати јавни институции во Република Северна Македонија."

3. Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/VI-5/2020**
**28 април 2020 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**